**Стручни рад**
UDK 316.771:330.34
DOI 10.7251/MFP1701155T
COBISS.RS-ID 6752280

# МЕДИУМИТЕ И ЕКОНОМИЈАТА

**Ивана Тодевска**[1]

## АПСТРАКТ

*Корупцијата е комплексен општествен, политички и економски феномен кој ги погодува сите земји. Во денешно време на технолошки достигнувања, отворени пазари и регионалните економски организации, особено со појавата на дерегулација и глобализација, корупцијата стана чума без граници. Затоа не е возможно да се бориме против неа само во одредени земји. Ефикасна борба против корупцијата бара акција на меѓународен план, на глобално ниво.*
**Клучни зборови**: *корупција, подмитување*

## ABSTRAKT

*Corruption is complex, social, political and economic phenomenon referring to all countries. In present times full of technologic achievements, open markets and regional economic organizations, in particular with the arrival of deregulation and globalization, corruption became plague with no limits. Therefore, it is not possible to fight against corruption only within certain countries. Efficient coping with corruption requires actions at international, global level.*
*Key wordc: corruption, bribery*

Ерозијата на вредносниот систем и руинирањето на економијата како општествени последици од корупцијата преставуваат доволен поттик за научно истражување кое ќе ја третира оваа проблематика.

Светската Банка ја идентификува корупцијата како една од најголемите пречки за економскиот и социјалниот развој. Таа го поткопува развојот од страна на изопачување на владеењето на правото и ослабување на институционална основа од која зависи економскиот раст.

Медиумите постојано се потсетуваат да не заборават дека нивната витална функција е токму таа – да бараат транспарентна, отчетна работа на институциите, со прст да посочуваат и на виделина да ги изнесуваат сите облици на корупција, со што ќе ја остварат својата одговорна ролја во општеството. Корупцијата ја нагризува демократијата, му се заканува на слободното функционирање на општеството, ги дискредитира највиталните столбови на демократијата – меѓу нив и на самите медиуми.

Корупциските скандали најчесто како тема се отвораат од страна на партиите, самите државни институции или пак анти-корупциските тела, но имаат многу краток здив и завршуваат без судска разврска. Колку и да звучи сурово, но сториите

1 Д-р Ивана Тодевска, Доктор по социолошки науки, ТИМ Институт –Скопје, Р.Македонија

во медиумите се налик на пресно млеко, па не траат повеќе од три дена. Еден корупциски скандал се покрива со друг, со што се добива чувство дека институциите работат со полна пареа, но крајното сумирање на резултатите покажува дека многу од случаите завршуваат во ветер и магла!

Читателите од медиумите очекуваат чесна, објективна и точна информација, исто онака како што новинарите го бараат тоа од изворите на информации. Токму затоа е недозволива автоцензурата во новинарството, заземањето страна, пропагирањето нечии интереси, сеењето нетолеранција и дискриминација, замолчувањето пред вистината и прикривањето на корупцијата. Со ваквите слабости, медиумите не само што не се способни да придонесат кон решавање на проблемите во државата, туку често и самите стануваат дел од тој проблем и од нефункционирањето на системот подјаден од корупција. Но, медиумите имаат уште една особено важна битка која треба да ја извојуваат и како поединци, и како фела воопшто – да се борат со корупцијата во сопствените редови, со автоцензурата и со ставањето во функција на нечии политички и бизнис-интереси, кои не можат и не смеат да бидат над интересите на обичниот човек и над потребата тој да биде навремено и објективно информиран.

Новинарите мора да се научат да им кажуваат НЕ на сите облици на притисок и поткупување, а за тоа да биде возможно, професијата мора да се издигне на неопходното ниво – со солидни плати и достоинствени услови за работа на новинарите, кои сѐ повеќе ќе истражуваат, а сѐ помалку сервилно ќе ги проголтуваат информациите лиферувани од институциите, чија веродостојност и заднина честопати е тешко да се провери.

Досега, во текот на процесот на транзиција, граѓаните видоа како социјалната еднаквост опаѓа и се заменува со суровата нееднаквост на сегашниот систем. Секаде во регионот, граѓаните стануваат сѐ поцинични за ефектите од кампањите и во реториката против корупцијата. Во комбинација со сѐ помалата доверба во демократските институции, овој цинизам се заканува да ја намали поддршката што им ја дава јавноста на неопходните политички и економски реформи. Неколку години наназад, реториката против корупцијата успешно се користи за мобилизирање на поддршка на јавноста во однос на политиките за реформа.

Корупцијата која го попречува економскиот растеж, ја нарушува и довербата на јавноста во демократијата и ја поткопува можноста земјите да функционираат во еден меѓусебно поврзан свет.

Секојдневно големо влијание има и јавното мислење. Затоа е особено неопходно да се стандардизира модел кој што ќе ни овозможи непречено емпириско следење на оваа појава. За да се прибават докази и да се здобие довербата на граѓаните за спречување на корупцијата, неопходно е да се создадат нови методи и да се влијае на промена на свеста кај граѓаните за корупцијата. Разојот на моралот и чесното однесување се само некои од деталите кои се наоѓаат во склопот на мерки кои треба да се развијат. Слабата материјална и економска основа на општеството од една страна е лимитирачки фактор на етаблирање на демократските односи и развиен правен систем, а од друга страна, е стимулативен фактор за започнување на беспоштедна трка во прераспределбата на и така лимитираниот капитал.

## Заклучок

Исклучителна е потребата за изнаоѓање прецизни индикатори со цел да се изработат индекси кои ќе покажат пораст и опаѓање или флуктуации на нивото на корумпираност. На тој начин ќе се постави дијагноза на ситуацијата во општеството, пред сè за да се утврдат димензиите и тежината на проблемот кој на економски план го спречува економскиот раст, на социјален план се одразува на осиромашување на населението и на политички план доведува до елитизам на владејачката класа.

## Литература:

13. Draft Convention on the Fight Against Corruption of Officials of the European Communities or Officials of Member States of the European Union.
14. Ejkerman, Suzan. 2010. Korupcijata i vlasta, Centar za gragjanski komunikacii, Skopje
15. Камбовски, В., Наумоски, П. 2002., Корупцијата – најголемо општествено зло и закана за правната држава, Скопје, Влабор
16. Тодевска, Ивана. 2012., Корупција –Современи состојби, Македонска ризница, Скопје, 36 стр.